Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 30, 2 ноември 2009 година

ноември 2009 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научна област италијански јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област лозарство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област овоштарство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник – асистент/помлад асистент за наставно-научна област турска книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Медицинска генетика“ од проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска, наменет за студентите на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по педијатрија за студенти на висока здравствена школа“ од проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска, ........ 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија“ од проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска, наменет за студентите на Факултетот за медицински науки, Висока здравствена школа, при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 42

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

## РЕЦЕНЗИЈА
## НА ТРУДОТ „ПРАКТИКУМ ПО ПЕДИЈАТРИЈА ЗА СТУДЕНТИ НА ВИСОКА ЗДРАВСТВЕНА ШКОЛА“ ОД ПРОФ. Д-Р МИРЈАНА ЌАЕВА-ПЕЈКОВСКА

Со Одлука бр.2502-90/16 на Наставничкиот совет на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки - Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на седницата одржана на 30.9.2009 година, определени се

1. доц. д-р Елизабета Зизовска, доцент на Факултетот за медицински науки во Штип;
2. проф. д-р Никола Камчев, вонреден професор на Факултетот за медицински науки во Штип и
3. проф. д-р Никола Силјановски, редовен професор на Факултетот за медицински науки во Штип

да го прегледаат и оценат трудот на **проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска** со наслов ***„Практикум по педијатрија за студенти на висока здравствена школа“***.

Рецензентите го прегледаа трудот и имаат чест да го поднесат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Трудот е оформен на 35 страници, А4 формат, без проред, од кои има една страница литература со 25 библиографски единици и 1 страница содржина. Текстот е солидно обработен со јасни прикази на одделните области на оваа медицинска гранка со наслови и поднаслови. Предвидено е трудот да претставува учебно помагало -практикум за потребите на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки - Универзитет „Гоце Делчев“, по предметот Педијатрија.

Трудот е поделен на осум одделни глави. Во првиот дел се дава приказ на работата на медицинската сестра во приемна амбуланта, во советувалиште и на одделение. Исто така, се објаснува постапката при приемот на пациенти на болничко лекување и се прикажани елементите кои ја сочинуваат оваа дејност и повеќе фази на активности.

Во овој дел се укажува на одделни обврски за водење на документи како: температурната листа, мерење на телесната тежина на детето во болницата, мерење на телесната должина на доенчето во Пиркуетовото корито, постапки при мерење на обемот на главата и градниот кош, мерење на телесната температура и запишување на прочитаните вредности во температурната листа.

Објаснети се постапки при мерење на респирациите додека детето спие и на нормалните вредности на респирациите кај соодветната возраст, потоа мерењето на пулсот на артерија радиалис, артерија каротис или артерија темпоралис, како и начините на мерење.

Исто така, објаснет е и начинот на мерење на крвниот притисок во артеријата на надлактицата со помош на апарат за крвен притисок. Дадена е скала на нормални вредности на крвниот притисок кај деца со различна возраст.

Прикажани се и следниве фази: мерење на сатурацијата на $O_2$, што се врши со апарат пулс-оксиметар, евиденции за измет на т.н. интестинална бактерија, пропаднати клетки на интестиналната слузница, разни телесни излачевини, како што се жолчка, жолчни соли и други, кои редовно се испразнуваат од организмот. Промените во физичките особини на урината т.е. промените во изгледот, бојата, количината, мирисот и специфичната тежина, односно сите промени во хемискиот и микроскопскиот состав на урината, кои се одраз на состојби во болниот организам.

Дадени се обврските на медицинската сестра за секојдневно одржување на личната хигиена на детето, капењето на доенчињата и предвидените постапки за тоа, потоа за облекувањето на детето, дневното превивање и друго.

Претставена е исхраната на болното дете, потребната диета, начинот на исхрана и бројот на оброците кои ги одредува лекарот, како и обврските за нивно совесно

спроведување, потоа исхраната со шишенца, со сонда и начин на нејзина примена и друго. Објаснета е обврската на сестрата за едукација на мајката пред секое доење и постапките кои треба да ги преземе.

Дадени се постапките кои треба да се одвиваат за време на визита, за земање на материјал-примероци на крв, ликвор, урина, столица и подготвувањето на соодветни упати, како и соодветни лабораториски садови-епрувети, подлога за хемокултура, брисеви итн., зависно од видот на материјалот што се зема и за која анализа се бара.

Објаснета е улогата на медицинската сестра при давањето на терапија на болните според упатствата на лекарот.

Објаснето е дека работата на медицинската сестра на одделението е сложена и е состои од повеќе етапи кои се поврзани една со друга.

Заради спецификите на одделните одделенија (или оддели во склоп на клиничките болници или други форми на организација во здравството) во трудот е даден приказ на работата на медицинската сестра на дел од одделенијата (или одделите).

Во првиот оддел е дадено ангажирањето на одделението за гастроентерохепатологија, постапките и дијагностиката што се користат преку биохемиски и микробиолошки истражувања, потоа постапки за разни биопсии: биопсија на тенкото црево, на дебелото црево, на хепарот како и гастро-дуоденална скопија со многу други истражувања, зависно од патологијата на заболувањето и неговата тежина.

Во вториот дел се дадени постапките и активностите на одделението за нефрологија, постапки за дијагностика како и следењето и негата на бубрежните болни, што е важна задача на медицинската сестра.

Болестите и оштетувањата на срцето заради неговата исклучително важна улога во организмот се прикажани во третиот дел на трудот, заедно со разните видови на дијагностики кои се применуваат, нега и мониторинг на срцевите болни, мерките на лична хигиена, како и многубројните дијагностички и терапевтски методи на работа.

Во четвртиот дел се прикажува работата на одделението за неонатологија и интензивна нега, извршувањето на бројни анализи и ординирањето на терапии зависно од видот на заболувањето. Претставена е педијатриската интензивна нега, постапки за прием, за реанимација и за други интензивни мерки, со цел за воспоставување или одржување на нормална хормонална или функционална рамнотежа на организмот.

Петтиот дел го обработува одделението за пулмоалергологија со одделни постапки за дијагностика, третман и терапија на болните.

Во шестиот дел се обработени разните невропедијатриски појави и третмани кои се неопходни, одделни пребарувања, биохемиски и микробиолошки прегледи на ликворот кај лумбалната пункција, постапка кај статус епилептикус, потоа постапка при фебрилни конвулзии итн.

Во седмиот дел се даваат ендокринолошките болести и се прикажани обврските кои треба да се остваруваат во доменот на ангажирањето на медицинската сестра при третман, диета на болен и друго.

Осмиот дел се однесува на хематоонкологијата, при што се прикажани видовите дијагностика и терапија, постапка за прием на пациенти со хемофилија, прием на пациенти со тромбоцитопенија и цитотерапија.

* * * * *

Врз основа на изнесеното може да се заклучи дека се работи за стручно оформен труд во кој успешно се прикажани конкретни состојби и постапки кои се од интерес за едукација на медицинската сестра од областа на педијатријата. Намената на трудот како практикум со кој се дава преглед на одделни области на педијатријата, особено на неонатологијата и негата, како и делови кои се однесуваат на клиничкиот третман и лекување на пациентите,

се од интерес на медицинските сестри како високообразовани стручни лица кои ќе се едуцираат за работа во оваа област.

Трудот дава придонес во научната и стручната литература и врз таа основа го препорачуваме за издавање како учебно помагало - пратикум за студентите на Високата здравствена школа при Факултетот за медицински науки во Штип.

**Рецензенти**

**Д-р Елизабета Зизовска, доцент на**
**Факултетот за медицински науки во Штип, с.р.**
**Д-р Никола Камчев, вонреден професор на**
**Факултетот за медицински науки во Штип, с.р.**
**Д-р Никола Силјановски, редовен професор на**
**Факултетот за медицински науки во Штип, с.р.**